# МАТЕРИЈАЛИ

Д-р Александар АПОСТОЛОВ

## ИЗВЕШТАЈ НА БЕЛГИСКИ ДИПЛОМАТ ОД ЦАРИГРАД ЗА ПРИЛИКИТЕ ВО ТУРЦИЈА И ЗА ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО 1876 ГОДИНА

Во седумдесеттите години од деветнаесеттиот век во Европа се случија такви крупни настани што развиваа такви процеси кои, според своите политички последици и идејните определувања, останаа како главни белези на тој век. — Француско-пруската војна, Париската комуна, обединувањето на Германија, обединувањето на Италија, востанието во Босна и Херцеговина, Априлското востание во Бугарија, војните на Србија и Црна Гора со Турција, а потоа и на Русија со Турција, Сан Стефанскиот мир и Берлинскиот конгрес, народњачкото и социјалистичкото движење воопшто, како и првите чекори на социјалистичката мисла на Балканот, — сето тоа се случи во неполна деценија, а последиците и одгласите на тие настани го исполнија целото наредно столетие и допреа и до наши дни.

Некои од овие настани не можеле да ја одминат Турција; за некои од нив таа била причина, а некои се случиле во самата неа.

Познато е дека царска Русија, по Кримската војна и Парискиот мир (1856), била речиси елиминирана како фактор во политичките настани од пресудно значење за Европа. Се чинело дека и на Турско-османската империја, „на тој болник од Босфорот“ му биле одброени дните. Странскиот капитал и странската стока што го прекриле турскиот пазар, како и огромните заеми што Турција ги зела од капиталистичките земји, од една страна, имале далекусежни и погубни последици за стабилноста на турското стопанство, како и за политичката стабилност на земјата. Корумпираната турска администрација, раскошниот и расипничкиот живот на султановиот двор, од друга страна, ја воделе Турција во неизбежна пропаст. Сите овие исклучително неповолни појави и промени ги чувствувало на својот грб особено немуслиманското население во Империјата. Не можејќи да поднесе толкав товар што му го ставила на грбот државата,

ова население се решило на судбоносен чекор, по пат на вооружени бунтови, востанија и војни да ја земе судбината во свои раце.

Пред оваа опасност за Турција, својот должник, не можеле да останат рамнодушни нејзините главни кредитори: Англија, Франција, Германија и Австро-Унгарија. Од друга страна не можела да остане рамнодушна ниту царска Русија, која штотуку се беше оправила од Кримската војна, но разјадувана од внатрешни неволји, се надевала дека со една победничка војна против Турција, ќе ги обнови, а овој пат сосема и ќе ги зацврсти своите позиции на Балканот, и ќе го круниса својот успех со заземањето на Цариград, Босфорот и Дарданелите, тој привлечен сон што се јавувал сè почесто со развојот на капитализмот во оваа огромна евро-азиска империја и со тоа ќе ги стивне вознемирените духови во својата земја.

Тајно или јавно и некои други сили од тоа време, а особено Англија, го присакувале тој „прекрасен плен" и во никој случај не сакале да дозволат тој да падне во рацете на својот опасен словенски ривал, кој со својата словенофилска зараза би можел да ги покрене Словените на Балканот, што не одело во сметка ниту на полусловенска Австро-Унгарија, а уште помалку на оние што го контролирале Суецкиот Канал и создавале свои нови позиции на Блискиот Исток.

Сиот тој сплет на околности и настани го набљудувале и помали политички сили, но едновремено и економски гиганти од Европа. Една од нив била Белгија. Иако оваа земја добила своја независност дури во 1830 година, во децениите на брзиот развој на капитализмот, таа станала индустриски гигант и поморски фактор, барајќи излез за своето нараснато стоковно производство. Во натамошниот развој, во првите години од деветтата деценија на деветнаесеттиот век, Белгија станува и колонијална велесила.

Непосредно по Кримската војна Белгија, преку својот постојан дипломатски претставник во Цариград, побрзала да се вклучи во натпреварот на големите капиталистички сили за потфати на територијата на Турската империја. Од еден опширен извештај на белгискиот амбасадор при Портата Blondeel De Cuelebroeck, испратен во вид на дневник од неговото патување во последните месеци на 1856 година низ балканскиот дел на Турција, како и низ кнежевството Србија и Романија, до министерот на надворешните работи на Белгија контот Вилен (Vilain), јасно се гледа интересирањето на Белгија за овој дел од Југоисточна Европа. Во извештајот се дадени и конкретни предлози за назначување на белгиски конзуларни претставници во некои важни центри на Полуостровот. Во осмиот дел од својот извештај, испратен од Белград на 28 ноември 1856 година, Блондел предлага да се создадат белгиски конзуларни претставништва во Едрене, во Пловдив, во Софија, во Ниш и во Алексинац, како

погранично место меѓу кнежевството Србија и Турција, а за Белград, односно за целата тогашна полунезависна Србија, го предложува за конзуларен претставник Мишо Анастасиевиќ, „најбогатиот човек во Србија (тој располага со 10 до 12 милиони франкови)“.[1])

По вакпвите основни и нужни подготовки, познати се, помалку или повеќе, белгиските економски позиции на турска територија. Нивниот обем може донекаде да се процени и според бројот на Белгијанците во Турција, кој се искачувал на околу 7.000 лица, како што стои во извештајов од 1876 година, што е предмет на нашево интересирање.[2])

Иако географски прилично оддалечена од Турција и без некои територијални претензии спрема турската царштина во распаѓање (како што тогаш се верувало), Белгијанците во Турција гледале свој економски миг, што настојувале да го искористат, и како што е познато и го искористиле.

Главна потенцијална опасност за белгиските економски интереси, како впрочем и за интересите на другите земји кредитори на Турција била царска Русија. Русија ја активирала својата надворешна политика во седумдесеттите години од деветнаесеттиот век благодарејќи, меѓу другите околности, и на своите одлични дипломати, каков што бил во тоа време и грофот Игнатиев. Русија, како што е познато, и со вооружени сили ги помагала балканските народи во борба против турската доминација, се разбира притоа и со свои посебни интереси. Затоа, ќе сретнеме на повеќе места во извештајот на белгискиот дипломат неповолни искажувања за Русите и за руската интервенција на Балканот и во источното прашање воопшто.

Извештајот што го спомнуваме во насловот на овој прилог, потекнува од перото на белгискиот дипломат Шастел, а е упатен од Цариград (Пера) до Белгијанецот Орбан. Извештајот носи датум од 31 декември 1876 година, т.е. од последниот ден на старата година, што ќе рече дека биле земени предвид сите важни настани од таа година во врска со Источното прашање. Извештајот е резултат на една подолга обиколка на белгискиот дипломат Шастел на центрите во кои се кроела политиката на Источното прашање, како и местата на непосредните настани сврзани со ова прашање. Сметаме дека овој извештај ќе биде дотолку поинтересен за читателите што неговиот автор смета дека неговите „судови се разликуваат од судовите на неговиот шеф, како и од написите на цариградските весници и списанија“ од тоа време. Со овој скромен прилог ќе ја одбележиме Стогодишнината од кревањето на Босанско-херцеговското востание (1875) во списанието Историја.

---

[1] Архив на Министерството на надворешните работи на Кралството Белгија, Брисел, Фонд Грција 1841—1914.

[2] Исто.

Овој извештај го пронајдовме во Архивот на Министерството на надворешните работи на Белгија во Брисел, во Архивскиот фонд „Грција I, 1841—1914", во времето на нашето истражување во септември 1974 година. Извештајот го даваме на увид на читателот во превод од француски јазик.

## ПРИЛОГ I

Пера, 31 декември 1876 г.

Драги господине Орбан,

Бидејќи веќе се сместив во Константинопол, дозволете ми да Ви пренесам некои мои впечатоци. Избегнав да го дадам својот суд во Англија и Белгија; претпочитав работите да ги видам од блиску.

Го успорив моето патување од Пешта, каде што раздвиженоста почнува да се засилува, со цел да се осведочам малку за она што се случува во Европска Турција. Ако ја исклучиме Црна Гора, каде што се водеше само планинска војна, борбата на Турците во Србија не беше блескава. Со добро раководење би требало да ја завршат побргу. Во Белград имав среќа да ги сретнам двајцата специјални дописници на Авас[3]) и Ројтер,[4]) како и пет или шест париски и англиски новинари. Тие дојдоа во Константинопол за конференцијата,[5]) по повеќемесечниот престој во Србија и неодамнешниот (престој) во Алексинац. Ако Русите имале доволно влијание за да ги кренат христијанските провинции на Империјата, очигледно е дека походот на Черњаев многу го намалило. Што и да вели кнезот Милан, кој главно малку е ценет во својата земја (поради своите манири на париски аристократ), полуслужбената војна на Русија

---

[3] Авас (на фран. Havas) најголема новинска агенција во светот до Втората светска војна. Агенцијата ја основал во 1835 година Шарл Авас, според кого го добила името. Престанала да работи во 1940 год. Во времето на германската окупација на Петеновска Франција била основана агенцијата Авас-офи која работела до јули 1944 год.

[4] Ројтер (Reuter's News Agency), англиска телеграфска новинска агенција во Лондон. Ја основал Германецот Паул Ј. Ројтер во 1851 година откога се преселил од Германија во Лондон.

[5] Позната во историјата како Цариградска конференција. Конференцијата била свикана под притисок на Русија, по Босанско-херцеговското востание и Априлското востание во Бугарија 1876 година. Таа се одржувала од 11 декември 1876 до 20 јануари 1877 година. На неа учествувале претставници (амбасадорите во Турција) на големите сили: Англија, Русија, Германија, Франција, Австро-Унгарија и Италија, и Турција. На Конференцијата требало да се разгледа положбата на балканските христијани под турска власт и да се реши нивниот статус на автономни начела. Проектираната автономија за Босна и Херцеговина и за Бугарија на оваа Конференција не се остварила бидејќи Англија ја потпомогнала Турција и со прогласувањето на турскиот устав од 23 декември 1876 година Портата ги отфрлила предлозите на Конференцијата за автономија. Големите сили ги отповикале своите амбасадори од Цариград, но овој нивни чекор не значел и прекинување на дипломатските односи со Турција. Во Цариград останале и понатаму вршители на работите на големите сили.

им покажа на Србите што можат да очекуваат од овие предводници на цивилизацијата. Видов на бродот на Дунав, близу Турн Северин, повеќе стотици од тие руски доброволци. Никогаш не би можел да замислам толку недисциплинирана и варварска војничка толпа. Офицерите, дури капетани и полковници, ја срамотеа својата униформа навредувајќи ги припадничките на Црвениот крст, и препуштајќи се цели два дена на најпотполно пијанство.[6]) Подалеку ги сретнавме несреќните Бугари кои беа побегнале дури до Австрија за да ги избегнат баши-бозуците, и се враќаа дома благодарение на примирјето.

Освен што ги преувеличуваат злосторствата на овие последниве, не сум заборавил што ни велеше во Лондон стариот Музурус. „Ние не научивме на наша сметка што треба да правиме. Ако не го запревме веднаш востанието во Бугарија, тоа ќе се разгореше како она во Босна и Херцеговина. Ние немавме на располагање редовни трупи и требаше да испратиме доброволци. Штом ги испративме, на Портата ѝ беше, речиси невозможно да знае што прават и да ги запре“.[7])

Утврдените места, како Видин и Рушчук, не ми се сторија способни да издржат напад со модерно оружје. Велат дека Шумла (Шумен) е речиси неосвоива. Не е ни помалку вистинито дека ако го поминат Дунав, во случај на војна, Русите би дошле доста лесно на Балканот. Тогаш работата би станала посериозна. Русите би можеле, во случај да не бидат запрени од оклопниците на Хобарт-паша, да префрлат еден дел од нивните трупи и преку Балканот. Но во секој случај ќе треба да сметаат на фанатизмот на муслиманите и со влада посилна од претходните.

Има еден непореклив факт за секој што доаѓа на Исток: Тоа е супериорност, се разбира, во релативни пропорции, на христијанскиот врз муслиманскиот елемент. Интелигенцијата, трудот, образованоста, ако не и чесноста, им припаѓа на првите.

Турчинот владее, но тој е мрзлив, неук и целосно противен на какво и да е подобрување. Причината за тоа не е, како кај нас, во силата на една желба да се сочува постојната положба достојна за почит, туку рамнодушноста и омразата кон сѐ што не е од нивната вера. Бесполезно е, како што веќе се обидов, да се бара сред рој лошо преведени зборови и слики, во кои строфи на Коранот, или на Саканиот (можеби се мисли на Мухамеда — бел. А. А.) се наоѓаат причините за тоа непријателство. Тоа се должи на рутината, на недостаток од иницијатива кај владеачката партија, на незнаењето особено од бедните кои ја сочинуваат, по првите, втората општествена класа во Турција. Зарем би можело да биде поина-

---

[6] Како што е познато во војната меѓу Кнежевството Србија и Турција, што започнала на 30 јуни 1876 година, во Србија дошле на помош околу 4.000 руски доброволци, на чело со генералот Михаил Григориевич Черњаев (1828—1898), кој станал командант и на српската војска во оваа војна.

[7] Во задушувањето на Априлското востание во Бугарија во 1876 година од страна на турскиот башибозук, според едни податоци, биле истепани вкупно околу 30.000 лица од христијанското население (КЕБ — Априлско востание), а според други, само во Пловдивскиот санџак, за неколку дена, биле заклани 15.000 луѓе.

ку, кога религијата, правото, политичката и верската организираност чинат еден единствен неповрзан амалгам, каде што разумот игра сосем мала улога?

Во сегашнава европска состојба, ваквата ситуација е жална. Треба да ја разгледаме ладнокрвно, да ја видиме оваа толку убава и богата земја, некултивирана, бедна, за да се почувствуваме разжалостени пред глетката на тој режим на див милитаризам и на уништувачка рамнодушност. Во првиот момент Турците можат и да ви се допаднат. Кај оваа стара освојувачка раса има уште извесна надворешна достоинственост која пленува. Но тие се во многу нешта заостанати. Апсолутно е потребно да се изведе револуција на Исток. Апсолутно е потребно или христијанинот да загосподари, или Турчинот целосно да се измени. Неколкуте сериозни функционери што владеат со Империјата денес, го знаат добро тоа. Тие ја започнаа оваа Револуција симнувајќи ги од престолот (нечуена работа!) двајцата султани едно по друго[8] и прогласувајќи либерален устав, но невозможен за извршување.

Таа револуција ќе се извршеше сама по себе од внатре, речиси без пролевање на крв, ако христијаните земеа учество во државните работи, ако служеа во војската, бидејќи интелигенцијата и цивилизираноста би требало нужно да надвијат. Сега ова зло е премногу вкоренето. Христијанското население сè уште не се крева доволно против своите угнетители. Треба некој да го поттурне напред, да направи со него силен напор за да го оттргне од таа доминација. Гарантните сили не отстапуваат од своите обврски, налагајќи ѝ на Турција извесни услови. Тоа е еден начин таа да се спаси, зашто е упропастена и потполно пореметена. Треба да им се покаже на исламските секташи дека ќе мораат неопходно да бидат турнати во Азија до колку не сакаат да се свикнат на нашата западна цивилизација. Ако Силите се сложат, без задни мисли, не би требало да се отстапи дури ни пред сила. Вон секакво верско прашање, не грижејќи се дали имаме или не, од гледна точка на меѓународното право, моќ да се вмешаме во нивните работи, бидејќи Отоманската влада е должник на цела Европа, треба да им ја отвори земјата на странските идеи и погледи. Европа во неа ќе најде огромни извори. Сме интервенирале во работите и на други држави и од многу поневини мотиви. Големото прашање се состои во тоа да не ѝ се дозволи на Русија да освојува провинции и да ги експлоатира само во своја полза. Тоа би значело да се замени еден лош режим со друг, не многу поцивилизиран.

Уставот е неодамна прогласен. Во него се покажува многу добра волја од страна на владата. Но тоа не е доволно за да излезе земјата веднаш од варварството. За тоа е потребен труд на повеќе генерации; тоа не зависи од добрата волја на неколку елитни луѓе. Никогаш не ќе ме убедат дека Турците, вакви какви што ги гледам во Константинопол, ќе умеат да ги исползуваат предностите на еден либерален устав. Од двеве работи ќе биде едно: или Владата не ќе го послуша Кабинетот,[9] бидејќи

---

[8] Абдул-Азиз и Мурат V, а го устоличиле Абдул Хамид Хан (1876—1909), наречен „крвав султан".

[9] Во оригиналот стои Кабинет.

тој само ќе прави глупости; во тој случај дворските интриги и старата рутина ќе надвладеат; или пак земјата ќе се препушти целосно на управување (на султанот) и неќе напредува повеќе.[10] Како ќе дојдат пратениците што пристигаат од внатрешноста на Азија кои едвај знаат да читаат и пишуваат, да дискутираат во престолнината за финансии и за политика? Поминувам молчејќи покрај извесни анти-уставни мерки како што се толкувањето на законите резервирано за Сенатот, одбран од самиот владетел и она опасно ограничување дека **луѓето со лош глас** не можат да бидат избрани во Кабинетот. А кој ќе биде озлогласен? Оној што не ќе му се допадне на султанот.

Што се однесува до буџетот, дури кога законодавната власт и би го одобрила, писмото на Мидхад-паша што фактички го поништува Декретот од октомври 75 (1875), не е доволно да се признаат долговите, туку треба да може да се платат. Само мирот и развојот на индустријата можат да доведат до тој резултат.

Уште еднаш тоа е работа на времето. Сè друго е утопија и неразумност.

Ако биде мирот склучен,[11] задача на Европа е да управува со реформаторското движење во согласност со Високата порта. Кога Турција ќе биде на добар пат, ќе биде оставена постепено на себе си. Ете зошто Конференцијата не би требало да ги навредува чувствата на нацијата. Откако би се договориле, амбасадорите би требало да дејствуваат преку свои совети, претставувајќи како сè да е дадено во рацете на Високата порта. Меѓународната комисија и окупационите трупи ќе треба да им се сторат на муслиманите како советување и средство за дејствување на Големиот везират. А што се случува денес? Портата ја изненадува Европа со спротивставувањето што се осмелува да го прави на овие предлози, а Конференцијата станува смешна проповедувајќи и заканувајќи се и секогаш без резултат. Маркизот Солзбери во сето тоа ќе ја загуби својата репутација со грешките што не престанува да ги прави, а Турција не ќе попушти. Сафер-паша[12]) уште од почетокот на Конференцијата ги измени улогите и ги отстрани најнапред условите на полномошниците. Им префрлуваат на силите дека не рекле ништо гледајќи го жалниот режим на Абдул-Азиз, неговите заеми, неговите неразумни трошоци, а дека денес подложуваат на строг суд кога Владата оди пред нивните желби. Всушност сегашнава ситуација е чедо на околностите. На сите им паѓа в очи дека моментот на дејствување дошол. Но кога треба да се формулира програмата, полномошниците како да се согласуваат со размислувањата на генерал Игнатиев кој е многу повеќе известен по тоа прашање од сите нив. Наместо да помогнат во реализирањето на Уставот, да посредуваат во полза на Грците, Ерменците и останатите... на сите националности во Империјата, го напуштаат Епир, Тесалија итн., а се грижат само за

---

[10] Овој дел од реченицата не е јасен. Претпоставуваме дека се мисли на апсолутизмот на султанот Абдул-Хамид, што навистина настапи и траеше неколку децении.

[11] Се мисли на мирот меѓу Кнежевството Србија и Турција, секако имајќи ги предвид тука и востанијата во БиХ и во Бугарија.

[12] Министер на надворешни работи на Турција.

разбунтуваното словенско население. Во тоа е јасно дека им служат само на интересите на Русија. Англискиот пратеник ги навреди султановите министри и тоа без да има право, бидејќи тие не можат да ја прифатат неговата програма. Фанатизмот е толкав, што Мидхад-паша,[13]) па дури и самиот султан, би се изложиле на опасност прифаќајќи услови навредливи за Империјата. Идејата за странска жандармерија во Бугарија не изгледа среќна. Подобра е уште една окупација како онаа во Сирија од Французите. Со сегашнава претерана возбуденост на духовите во Турција 6-те или 7.000 Белгијанци, или други (туѓинци — б. м.) многу би ризикувале да бидат згмечени. Се чини дека национални милиции единствено управувани од странци, поставени од христијанскиот или бугарскиот гувернер, би сториле многу повеќе одошто странски трупи.[14])

Конференцијата ќе се растури без да има нешто сторено, или пак ќе стори голем и краен напор во смерот што ѝ е предочен од сегашниве околности.

Ако странците, заштитени со Уставот, ако потоа и самите Мухамеданци се здружат за да ја користат и унапредат земјата, ќе ја спасат можеби оваа Империја од распаѓање.

Ако не, ќе треба таа да се докрајчи порано или подоцна. Политичкиот злостор ќе биде помал одошто расцепкувањето на Полска, заедно дури и со последователната анексија на малите кралства — италијанското и германското — бидејќи сè ќе биде сторено за да се избегне таквото решение на проблемот.

Откако ќе ги истераат во Азија, каде што силите ќе се грижат само за интересите на луѓето и за светите места, — бидејќи христијаните ќе бидат слободни да се вратат во Европа, — ќе треба без сомнение да се создаде ново царство, грчко ли, бугарско, романско, откаде знам? Бидејќи кому попрво да му се даде овој драгоцен камен Константинопол? Европската сила што ќе ги поседува бреговите на Босфор би станала бргу мошне силна и рамнотежата би била уште попореметена отколку било кога од време на основањето на Големото германско царство.

Ако Силите не се договорат, ако Русија ги изигра, или ако Портата не прифаќајќи ја денес повеќе одошто порано својата инфериорност, не сака да се препушти тие да ја управуваат, ќе имаме за извесно време ужасна војна. Турците ќе се борат за „светилиштата и огништата" (pro aris ac focis), Русите за Царството. Ништо не треба да се верува од празните фрази на руските високи функционери. Тие секогаш служеле само за да ги излажат сите и нивните панславистички протестирања кријат поинакви гигантски планови. Речиси е невозможно војната да остане локализирана. За неколку месеци разните влади ќе ги заборават премолчаните обврски што нивните претставници ги дале пред генералот Игнатиев. Господ знае што ќе се случи тогаш! Само да не го растргнат на

---

[13] Претседател на турската влада и приврзаник на уставноста во земјата, наименуван од Абдул-Хамида непосредно пред прогласувањето на Уставот.

[14] Според проектот на грофот Игнатиев уште на прелиминарната Цариградска конференција се предвидувал за Бугарија гувернер христијанин кој би бил предложен од големите сили, а потврден од султанот.

парчиња овој прекрасен плен. Во секој случај Источното прашање би навлегло во нова фаза која сè уште не може да се предвиди.

Единствена работа што може да ни го зачува мирот се сериозните страхувања на Русија. Улогите се изменети, и според зборовите што му ги припишуваат на господин де Шандорди: „Генералот Игнатиев забележа дека не само големиот војвода Никола, туку и целата руска армија, е мошне болна. Ете зошто тој става толку вода во своето вино“.

Гледате, драги мој господине Орбан, дека моите судови колку малку и да вредат, се разликуваат малку од тие на мојот шеф и на весниците и другите цариградски списанија.

Останувам Ваш најпонизен и најпокорен службител

Ди Шастел

Кога ќе ги примите овие редови телеграфот ќе Ви има соопштено можеби уште многу работи. — Штотуку ги кршат стаклата од двете страни. Кога грофот Зичи[15]) му рекол на Сафет-паша дека во случај Портата да ги одбие тие ќе ја напуштат својата резиденција (слаба имитација на комедијата што ја започна рускиот амбасадор) изглед дека овој му одговорил, афектирајќи по обичај, полу на шега — полу сериозно: „Ќе Ве пуштиме да си одите бидејќи замокот со седум кули (каде некогаш ги затворале амбасадорите на таа сила со која султанот војувал) е разурнат“.

[15] Австро-унгарски амбасадор, учесник на Конференцијата.

10*